*Република Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
Бр. 01-208
31.01.2006 год.
Скопје

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО 2005 ГОДИНА

Скопје, јануари 2006 година

# *В о в е д*

Управата за заштита на културното наследство е основана со Законот за заштита на културното наследство („Сл. весник на РМ” бр. 20/04). Таа има статус на орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице. Како таква, таа е основана по примерот на специјализираните органи (дирекции, агенции, управи, бироа) во над 120 држави во светот, со тоа што нејзиниот назив и правен статус е сообразен со член 5, 7 и 8 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Управата е специјализиран орган за вршење на управните и другите јавни овластувања од областа на заштитата на културното наследство, со исклучок на заштита на архивската граѓа. При тоа, поголем број од управните надлежности Управата ги врши како првостепен орган, издавајќи поединечни управни акти (решенија, одобренија, дозволи). Покрај тоа, Управата дејствува во постапките што ги водат други надлежни органи, издавајќи претходни согласности и мислења.

Посебна управно-правна целина, како вид надлежност на Управата, е вршењето на инспекциското надзор. Тој вид надзор се врши преку инспектори за културно наследство. Тоа е значајна новина во системот за заштита на културното наследство.

Назначено место во структурата на надлежностите на Управата имаат и сродните контролни функции, особено: стручна контрола на конзерваторските проекти изработени од матичните јавни установи и конзерваторскиот надзор над работите што тие ги изведуваат, приемот на изведените конзерваторски работи и други работи на непосредни заштита, контролата на циркулацијата на културното наследство (размена, отстапувања, купопродажба, извоз, изнесување, увоз), контрола на потеклото на добрата и слично. Овој блок надлежности, исто така, е значајна новина во системот за заштита на културното наследство.

Една од клучните групи надлежности на Управата е поврзана со стручните активности во поглед на класификацијата на културнота наследство, водењето на

централната и посебните евиденции за културното наследство (национални инвентари), водењето на Националниот регистар на културното наследство и Националниот информативен систем за културното наследство. Во случајот, и кај овој блок надлежности се работи за значајни новини во националниот систем за заштита на културното наследство.

Според матичниот закон, Управата е надлежна за подготвувањето на актите од областа на заштитата на културното наследство што ги донеува Министерството за култура, како и за следењето на законите и примената на ратификуваните меѓународни конвенции. Во практиката, пак, со оглед на нејзината компетентност, Управата ги подготвува и актите од оваа област што ги донесуваат Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија, вклучувајќи ги и законските проекти за ратификација на меѓународните договори.

Згора на тоа, во надлежност на Управата е ставено и вршењето на одредени работи во врска со специјалните облици на заштита, какви што се: превенцијата односно безбедносната заштита на културното наследство, заштитата во случај на вооружен судир, заштитата на нематеријалното културно наследство и друго. Покрај тоа, Управата има утврден делокруг на работа и во поглед на сензибилизацијата на јавноста, односно развивањето и јакнењето на протекторската свест.

Сé на сé, се работи за мошне специфично поле на дејствување, каде Управата има препознатлива позиција во остварувањето на заштитата на националното културно наследство. Во таа смисла, во текот на 2005 година, како прва година од нејзиното ефектно дејствување, Управата ги извршуваше приоритетните задачи во примената на Законот за заштита на културното наследство.

## I. НОРМАТИВНО-ПРАВНИ РАБОТИ

### 1. Законски проекти

Управата за заштита на културното наследство во текот на 2005 година реализира 3 законски проекти за ратификација на меѓународни договори. Конкретно, таа ги подготви предлозите за донесување закони со предлог на закони за ратификација на следните конвенции:

- Ревидираната европска конвенција за заштита на археолошкото наследство (Малта, 1992 година);
- Конвенцијата за украдените и нелегално извезените културни добра, на УНИДРОИТ (Рим, 1995 година);
- Конвенцијата за заштита на нематеријалното културно наследство (Рим, 2003 година).

Кон крајот на годината требаше да бидат подготвени и законските проекти за прогласување на Старата скопска чаршија и Старото градско јадро во Охрид за културно наследство од особено занчење. Меѓутоа, во определениот рок, од страна на надлежните национални установи не беа подготвени елаборатите за ревалоризација, поради што беше одложено и подготвувањето на предметните закони.

## 2. Подзаконски акти

Во текот на 2005 година Управата подготви 13 подзаконски акти, од кои 10 веќе се донесени и објавени. Тоа се следниве акти:

- Правилник за образецот на легитимацијата и изгледот на траката на ракавот на службеното лице за заштита односно на лицето за контрола на културното наследство во случај на вооружен судир и за начинот на нивното издавање (“Сл. Весник на РМ” бр. 25/05);
- Правилник за содржината и начинот на водење на Националниот инвентар за заштитени добра во случај на вооружен судир (“Сл. Весник на РМ” бр. 25/05);
- Правилник за остварување на работите на безбедносна заштита на културното наследство и за образецот и начинот на издавање на легитимацијата на овластените службени лица за безбедност на културното наследство (“Сл. Весник на РМ” бр. 25/05);
- Правилник за употребата на знаци за културното наследство определени со меѓународен договор (“Сл. Весник на РМ” бр. 25/05);
- Правилник за Националниот регистар на културното наследство (“Сл. Весник на РМ” бр. 25/05);
- Правилник за начинот и програмата за полагање испит за добивање лиценца за археолошки истражувања и за образецот на лиценцата (“Сл. Весник на РМ” бр. 57/05);
- Правилник за археолошките истражувања (“Сл. Весник на РМ” бр. 111/05);
- Правилник за конзерваторските истражувања (“Сл. Весник на РМ” бр. 111/05);
- Правилник за методологијата за изработка на заштитно-конзерваторските основи за културното наследство (“Сл. Весник на РМ” бр. 111/05);
- Правилник за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство (“Сл. Весник на РМ” бр. 111/05);
- Правилник за конзерваторските проекти (во постапка за донесување);
- Правилник за начинот и програмата за полагање испит за добивање на конзерваторска лиценца и образецот на лиценцата (во постапка за донесување);
- Национална класификација на културното наследство (во постапка за донесување).

## 3. Стручни мислења по нормативни акти од допирните области

Во текот на извештајниот период Управата има дадено 14 стручни мислења по нацрти на општи акти од допирните области и тоа:

- за 2 законски проекти (од областа на просторното и урбанистичкото планирање и градењето;
- за 4 уредби (од областа на заштитата и спасувањето);
- за 8 правилници (од областа на музејската и библиотечната дејност и меморијалните споменици).

## II. СТУДИСКО-АНАЛИТИЧКИ РАБОТИ

Во текот на 2005 година Управата за заштуита на културното наследство ги подготви следните студиско-аналитички материјали:

- Програма за ревалоризација на споменици на културата за периодот 2006-2008 година, предвидена сочлен 175 на Законот за заштита на културното наследство;
- Осврт за актуелните состојби во остварувањето на безбедносната заштита на археолошкото наследство во Република Македонија;
- Информација за работата на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура;
- Информација за третманот и потребата од вклопување на културното наследство во просторните и урбанистичките планови;
- Информација за состојбата на старите градски јадра на територијата на Република Македонија;
- Национален проект за сигнализација на културното наследство;

Покрај тоа, преку свои претставници, Управата има земено активно учество во подготвувањето на следните стратешки документи:

- Национален извештај за интегрирани политики на културното наследство на Министерството за култура;
- Национален акционен план за животната средина (НЕАП-II), на Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Национална програма за усвојување на правото на Европската унија (за делот “Слободно движење на стоки” и “Културата и аудио-визуелната политика”);
- Стратешки план на Министерството за култура за периодот 2006-2008 година.

## III. УПРАВНО-ПРАВНИ РАБОТИ

### 1. Управни предмети во прв степен

Во рамките на своите надлежности, како првостепен орган, во текот на 2005 година, Управата за заштита на културното наследство има постапувано по 185 управни предмети, при што има издадено:

- 62 дозволи за археолошки истражувања, од кои 3 се дополнителни дозволи;
- 9 одобренија за употреба на метал-детектори;
- 10 одобренија за конзерваторски истражувања;
- 22 одобренија за снимање и фотографирање;
- 4 одобренија за промена на дејност во заштитено добро;
- 2 одобренија за користење на име или облик на културно наследство;
- 62 конзерваторски одобренија;
- 8 одобренија за изнесување во странство на заштитени добра;
- 6 првостепени решенија (забрани, запирање на работа и друго).

### 2. Учество во постапки пред други органи

Во текот на извештајниот период, Управата за заштита на културното наследство има земено учество во управни и други слични постапки што ги водат други надлежни органи, при што има издадено 675 акти и тоа:

- 54 мислења за изградба на инвестициони објекти;
- 127 мислења за давање концесија за истражување и експлоатација на минерални суровини;
- 85 заштитно-конзерваторски мислења, од кои 63 се позитивни а 22 се негативни;
- 58 мислења за заштитно-конзерваторски услови, од кои 3 за сакрални и 55 за станбени и деловни објекти;
- 247 уверенија за извоз на незаштитени добра;
- 86 уверенија за изнесување во странство на незаштитени добра;
- 18 мислења по урбанистички планови, од кои 4 ГУП, 10 ДУП, 3 урбанистички проекти и 1 урбанистички план вон населено место.

## IV. ИМОТНО-ПРАВНИ РАБОТИ

Во текот на 2005 година Управат за заштита на културното наследство има постапувано по 26 барања од имотно-правна природа, при што има издадено:

- 5 мислења за ставање под хипотека на станови во заштитено подрачје;
- 20 акти за некористење на правото на првенствено купување од кои 12 за станови, 3 за ниви и 5 за нумизматички предмети;
- 1 акт за користење на правото на првенствено купување, вклучувајќи и целосна постапка за купо-продажба на нива во заштитената зона на локалитетот Хераклеја во Битола.

## V. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Во текот на 2005 година, во крајно неповолни услови за работа, отпочна реализацијата на инспекцискиот надзор во областа на заштита на културното наследство. Притоа, преку 4 инспектори за културно наследство, се извршени 222 инспекциски увиди, врз основа на кои се донесени 40 решенија на инспекторите и поднесени се 5 прекршочни пријави.

Предмет на инспекциски надзор беа, особено археолошките истражувања (60), интервенциите на објекти во заштитени целини, особено Охрид, Битола, Скопје и други (90), од областа на историја на уметноста (66), и друго. Најголеми проблеми инспекцијата имаше во Охрид и Битола, особено во поглед на дивоградбите и другите недозволени интервенции во заштитените подрачја и на заштитените објекти или во нивна близина.

## VI. БЕЗБЕДНОСТ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Работењето на Управата во поглед на безбедносната заштита на културното наследство (превенција од противправни дејствија) во 2005 година, во услови на ограничени можности, беше насочена кон:

- вршење увиди и преземање оперативни дејствија во врска со дивите ископувања на 7 археолошки локалитети: “Зееника” – Валандово, “Исар” – с. Марвинци (во 3 наврати), “Цареви кули” – Струмица, “Вардарски рид” – Гевгелија, “Банско” – Струмица, локалитет во с. Еловец, “Чашка” и “Градски гробишта” – Делчево;
- вршење увиди и преземање оперативни дејствија во врска со извршени кражби на икони во црквите “Св. Димитрија” – Валандово и Манастир Забел, с. Старо Нагоричане;
- пронаоѓање на илегално ископани предмети и извршители на недозволено ископување во Делчево, во соработка со Одделот за организиран криминал при МВР;
- одземање на околу 300 (триста) движни добра што биле предмет на недозволена трговија (Скопје, Свети Николе и Струмица), во соработка со Одделот за организиран криминал при МВР;
- спречување на недозволен извоз на движни предмети на граничен премин Табановце (одземени 55 предмети), во соработка со Царинската управа – сектор за контрола и истрага;
- учество во 9 истражни и 12 кривични постапки пред надлежните судови (Гевгелија, Струмица, Куманово, Свети Николе, Скопје и Прилеп), за кривични дела против културното наследство;
- вештачење на запленети (одземени) предмети од сторители на кривични дела (2 случаи), по налог на надлежните судови;
- идентификација на над 500 антиквитети што се предмет на трагање односно работење на полицијата и царината;
- документирање и обработка на податоци за привремено одземени предмети (390);
- враќање на 750 археолошки предмети за кои кривичната постапка е завршена (предадени на музеите во Штип и Струмица);
- идентификација на предмети по потекло од Република Македонија, запленети од надлежните органи на Република Словенија и иницирање на постапка за враќање на предметите од групата “Македонски бронзи” (постапката се води на дипломатско ниво и не е завршена);
- подготвување на 10 елаборати за безбедносна процена на музејски објекти, археолошки локалитети, сакрални и други објекти.

## VII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### 1. Меѓународни проекти

Во предметниот период Управата за заштита на културното наследство има реализирано 2 меѓународни проекти, и тоа: 1 во соработка со УНЕСКО и 1 во соработка со Советот на Европа и Европската комисија.

Во соработка и со финансиска помош од УНЕСКО, поточно неговата канцеларија во Венеција (РОСТЕ), Управата организираше *Регионална работилница за дигитализација на културното наследство на земјите од Југоисточна Европа* (17-20 март 2005 година), на која учествуваа претставници од Албанија, Унгарија, Романија, Србија и Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина, Италија, УНЕСКО и Македонија. На таа средба е усвоен финален документ – *Препораки за координација во дигитализација на културното наслед-*

*ство во ЈИЕ* – кој е објавен на сајтот на Министерството за култура (http://www.kultura.gov.mk/docs_pics/uzknm/dokument_ohrid_2005_mak.pdf).

Во рамките на соработката и со финансиска помош од Советот на Европа и Европската комисија, во текот на 2005 година продолжи реализацијата на активностите од фазата III (компонента "Ц") на проектот – *Заеднички рехабилитационен проект-план/Процена на архитектонското и археолошкото наследство на Југоисточна Европа (2003 – 2006)*. Во тие рамки, според планираната динамика:

- беа изготвени прелиминарни технички проценки (ПТП) за 8 избрани објекти, според претходно утврдена методологија;
- беше земено учество на 3 координативни состаноци во рамките на проектот;
- беше издадена и промовирана посебна публикација за реализираните ПТП, на македонски јазик;
- беше направено презентирање на проектот на Венецијанскиот саем на културни добра и активности.

## 2. Билатерална соработка

Во текот на 2005 година, во поглед на билатералната соработка, беа реализирани следните активности:

- *Со Република Хрватска*: работна посета на Министерството за култура на Република Хрватска – Управа за заштита на културното наследство, при што делегацијата на македонската Управа за заштита на културното наследство оствари посета и на Државниот архив на Хрватска, Националната и универзитетска библиотека, Хрватскиот реставраторски завод и конзерваторскиот оддел во Вараждин.
- *Со Република Црна Гора*: работна посета на Регионалниот завод за заштита на спомениците на културата – Котор, во врска со проблематиката за управувањето со заштитените подрачја што се запишани во листата на светско наследство при УНЕСКО.

## 3. Учество на меѓународни собири

Претставници од Управата за заштита на културното наследство во текот на 2005 година зедоа учество на следните меѓународни собири:

- Меѓународен комитет на УНЕСКО за враќање на културните добра во земјите на нивното потекло (XIII седница, Париз, Франција);
- Генерално собрание на ИКРОМ (XXIV собрание, Рим, Италија);
- Семинар "Заштита на културни добра и (воено) раководење" во организација на Институтот за хуманистички науки, Центарот за цивилно-воени односи и Австриското друштво за заштита на културното наследство (Виена, Австрија);
- Семинар "Инструментите на интегриран менаџмент на културното и природното наследство", во организација на Советот на Европа (Букурешт, Романија);
- Меѓународен семинар "COMTOOCI: Компјутеризација на библиотеките и филолошките добра (Боровец, Бугарија);

- Меѓународна работилница за националните мерки во поглед на заштитата на духовното културно наследство, во организација на УНЕСКО (Стражнице, Чешка);
- Меѓународна работилница за промоција на Конвенцијата за пределот (Корк, Република Ирска);
- Меѓународна конференција “Дигитализацијата на културното наследство и имплементација на мултикултурализмот во библиотеките”, во организација на Министерството за култура на Р. Хрватска (Супетар, остров Брач, Хрватска);
- Семинар: Дигитализација во функција на заштитата и презентацијата на културното и природното, материјалното и нематеријалното наследство”, во организација на Британскиот совет (Белград, Србија и Црна Гора);
- Регионална работилница “Дигитално реоткривање на културата (физика на душата) дигитално да играме, дигитализација во функција на заштитата и презентацијата на културното и природното, материјалното и нематеријалното наследство”, во организација на Институтот за информатика при ПМФ (Охрид, Македонија);
- Семинар “Македонскиот јазичен корпус и процесот на дигитализацијата (Охрид, Македонија);
- Студиски престој: на меѓународниот курс “Архитектонска документација, инвентаризација и информатички системи за конзервација”, во организација на ИКРОМ, со финансиска помош од УНЕСКО-РОСТЕ во Венеција (Рим, Италија).

## VIII. СЕНЗИБИЛИЗАЦИЈА

### 1. Проект за промоција на реформите во системот за заштита на културното наследство

Во рамките на овој проект, во извештајниот период, Управата реализира неколку координативни средби со надлежните субјекти и тоа:

- со конзерваторските центри, на тема “Улога и надлежност на конзерваторските центри” (Виница);
- со музејските установи, на тема “Улога и надлежности на музејските установи” (Гевгелија);
- со библиотечните установи, Кинотеката и Државниот архив, на тема “Улога и надлежности на субјектите за заштита на библиотечните, кинотечните, фонотечните добра и архивската граѓа” (Неготино);
- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Министерство за внатрешни работи;
- Царинска управа на Република Македонија;
- Државниот завод за геодетски работи;
- Дирекцијата за заштита и спасување и др.

Покрај тоа, во рамките на истиот проект:

- се изготвени и дистрибуирани соодветни флаери во врска со надлежностите на Управата;
- реализирани се повеќе медиумски настапи на одговорни лица од Управата;

- се изготвени и дистрибуирани стручни укажувања до надлежните општински служби (за урбанизам и градежништво, градоначалници).

2. **Информатор на Управата**

Кон крајот на 2005 година Управата започна со издавање на месечен информатор, во 300 примероци, на А-3 формат, што се дистрибуира преку посебен план за дистрибуција. Информаторот почна да излегува во месец Октомври, а во извештајниот период се издадени првите три броја. Во Информаторот се даваат информации од тековното работење на Управата за заштита на културното наслество.

3. **WEB страница на Управата**

Во текот на 2005 година е иницирана изработката на WEB страна на Управата. Истата треба да биде активирана во почетокот на 2006 година (**www.uzkn.gov.mk**).

## IX. РЕГИСТРАЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Во извештајниот период се вршени подготвителни работи во врска со регистрацијата и воведувањето на Националниот информативен систем за културното наследство, особено:

- Изработка на податочен модел за дата-базата за сите видови културно наследство;
- Изработка на обрасци на пријави за регистрација на заштитени добра ex lege, како основа за донесување акти за регистрација и упис во Националниот регистар на културното наследство;
- Изработка на обрасци на пријави за ревалоризација на недвижни и движни споменици на културата и збирки;

Покрај тоа, како тековна работа се вршени бројни други активности во врска со приемот и обработката на расположивата документација за културното наследство.

## X. КАНЦЕЛАРИСКО И АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ

Согласно прописите за канцелариско и архивско работење, во текот на 2005 година беа заведени (архивирани) 4841 број разновиден документарен материјал, од кои во главната деловодна книга се заведени 2049 основни броја и 2493 подброеви. Покрај тоа, во книгата на влезни фактури се заведени 530 броја, во книгата н патни налози 479 броја, во интерната доставна книга 1706 акти, во книгата за испратена пошта 1122 пратки, во книгата за лична достава во место 357 писма, а во книгата за ИНДОК службата - 1525 предмети.

Канцелариското и архивското работење на Управата во 2005 година се одвиваше според одобрениот план и листите на архивската граѓа односно документарен материјал со рокови на чување.

## XI. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Финансиските средства за работа на Управата за заштита на културното наследство во 2005 година беа обезбедени со Буџетот на Република Македонија, *раздел 18001, програма 2, подпрограма 20 – Управа за заштита на културното наследство*, во вкупен износ од 18.270.000,00 денари. Притоа, за плати, наемнини и надоместоци беа прдвидени 10.560.000,00 денари (или 57,80% од вкупниот износ); за работи односно за стоки и услуги – 5.710.000,00 денари (или 31,25% од вкупниот износ) и 2.000.000,00 денари (или 10,95%) за капитални трошоци.

Дополнително, по основ на донации беа обезбедени вкупно 1.752.000,00 денари, од кои 1.438.000,00 денари УНЕСКО и 314.000,00 денари од Советот на Европа.

Со ребалансот на Буџетот, вкупниот износ беше утврден на 20.090.000,00 денари, при што износот за плаи и надоместоци беше намален на 9.918.000,00 денари (- 642.000,00 денари), а износот за донации утврден на 2.462.000,00 денари (во кој износ беше планирано буџетското учество на Министерството за култура во проектот на Советот на Европа во износ од 320.000,00 денари). Кај донациите не беа обезбедени сите планирани износи односно беа обезбедени помалку 400.000,00 денари, поради што и реализацијата изразена во проценти е помала (83,75%). Поцелосните податоци за финансиското работење се искажани во Прегледот што е составен дел на овој извештај.

Директор

***Јован Ристов***

**ПРИЛОГ:** ПРЕГЛЕД НА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО 2005 ГОДИНА

| СТАВКА | ПОДСТАВКА | Опис | Одобрен Буџет на 01.01.2005 | Ребаланс на буџет со 31.12. 2005 | Реализација на 31.12.2005 | Реализација во% |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ,000 МКД | ,000 МКД | ,000 МКД | |
| 40 | | Плати | **10.560** | **9.918** | **9.892** | **99,74%** |
| | 401 | Основни плати и надоместоци | 7.450 | 6.990 | 6.969 | 99,70% |
| | 402 | Придонеси | 3.091 | 2.910 | 2.905 | 99,83% |
| | 403 | Останати придонеси | 19 | 18 | 18 | 100,00% |
| 42 | | Стоки и услуги | **5.710** | **5.710** | **5.684** | 99,54% |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 1.230 | 1.230 | 1.226 | 99,67% |
| | 421 | Комунални услуги | 1.480 | 1.330 | 1.318 | 99,10% |
| | 423 | Ситен инвентар , алат и др.материјали | 330 | 730 | 730 | 100,00% |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 220 | 270 | 269 | 99,63% |
| | 425 | Договорни услуги | 2.150 | 1.850 | 1.842 | 99,57% |
| | 426 | Други тековни расходи | 300 | 300 | 299 | 99,67% |
| 46 | | Субвенции и трансфери | **0** | **2.462** | **2.062** | 83,75% |
| | 464 | Трансфер од УНЕСКО | 0 | 1.730 | 1.438 | 83,12% |
| | | Трансфер од Совет на Европа | 0 | 412 | 304 | 73,79% |
| | | Буџетско учество во проектот на Совет на Европа | 0 | 320 | 320 | 100,00% |
| 48 | | Капитални расходи | **2.000** | **2.000** | **2.000** | 100,00% |
| | 483 | Купување на мебел, опрема, возила и машини | 2.000 | 2.000 | 2.000 | 100,00% |
| | | ВКУПЕН БУЏЕТ | **18.270** | **20.090** | **19.638** | 97,75% |